**СТЕНОГРАВСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттата седница на Собранието на**

**Република Македонија одржана на 25 февруари 1999 година**

Седницата се одржа во големата сала на Владата на Република Македонија со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски претседател на Собранието на Република Македонија

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Единаесеттата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Филип Петровски, Илинка Митрева и Љупчо Анушев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваа, на седницата.

Исто така, претседателот на Владата г-динот Љубчо Георгиевски и министерот за трговија Никола Груевски како и потпретседателот на Владата Радмила Кипријанова ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот нас РМ, г-динот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ, претседателот на Републичкиот судски совет и јавниот обвинител на Република Македонија.

Записниците од Седмата, Осмата и Деветтата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали има забелешки на записниците? (нема)

Констатирма дека записниците од 7-та, 8-та и 9-та седница се усвоени без забелешки.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

Предлогот на овој Закон ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој Закон.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од донесување на законот за изменување на Законот за издавање и тргување на хартии од вредност.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, очекував тука да биде министерот за финансии, или министерот за трговија за да ја образложат итноста за донесување на законот. Се работи само за утврдување на нов рок кој истекува на 28.11. оваа година. Значи се работи само за продолжување на рокот. Се работи за мала измена која во случај да не се донесе на оваа седница би можело да го поремети целокупното финансиско работење во РМ. Заради овие причини се пред-лага овој закон да се донесе по итна постапка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, молам да крене рака? (77 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Комисијата за прашањата на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар-Скопје.

Кој е за предлогот на Комисијата за прашаша на изборите и именувањата, молам да крене рака?

(51 пратеник)

Дали некој е против?

(19 пратнеици)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник)

Според тоа, констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага да се одложат од оваа седница Предлогот за разрешување на судија на Врховниот суд на РМ и Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Битола.

Предлогот го имате добиено и во писмена форма.

Комисијата за известител го определи пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата на денешната седница заради дополнителни консултации околу овие две точки бара да се одложат од оваа седница овие две точки и да се разгледаат на една од наредните седници. Тоа е заради консултација од страна на задолжениот претседател на Комисијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Мугбил Бејзат, претседател на Републичкиот судски совет.

**МУГБИЛ БЕЈЗАТ:**

Почитуван претседателе, почитуваи пратеници,

Од Републичкиот судски совет одамна се доставени овие предлози на Собранието на РМ, Предлогот за разрешување на судијата на Основниот суд во Битола по негово барање. Тој Предлог е веќе доставен можеби два месеци. Исто така Предлогот за разрешување на судијата на Врховниот суд е заради исполнување на условите за одење во пензија. Од наша страна дополнителни информации ние немаме и за двата предлога. По законот Собранието треба да постапи по предлозите на Републичкиот судски совет. До колку има некои причини, тие не се доставени, Републичкиот судски совет не е запознат со тие причини, некои дополнителни информации и сл. Така што воопшто не наоѓал причина така да се одолжуваат предлозите на Републичкиот судски совет без причина и барам да се стават на дневен ред и да се одлучи по нив, поготово што нема ништо спорно во тоа. Едниот е поради исполнување на услови за пензија, а другиот е по негово барање, а два месеци стои во Собранието на РМ, а тоа е препрека да неможе да се избере судија во Основниот суд во Битола.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во никој случај Комисијата за избори и именувања несака да ги одложува, да ги забавува барањата на Републичкиот судски совет како надлежен предлагач. Комисијата на денешната седница истакна барање и се договори за наредната седница да изврши одредени консултации врз основа на наодите и мислењата и предлогот на Републичкиот судски совет. Врз основа на тој предлог од Републичкиот судски совет има потреба од дополнителни консултации и баш во делот на консултации со судскиот совет. Кога ќе се расчисти тој дел на нерасчистени, или делови кои се делумно спорни според мислењето на Комисијата за избори и именувања на наредната седница Комисијата за избори и именувањата ќе му предложи на Собранието Предлог за разрешување, или доколку утврди поинаква фактичка состојба согласно позитивните законски прописи ќе предложи друг предлог, а Собранисто врз основа на водената расправа ќе одлучи по дадените предлози. Комисијата останува на ставот на наредната седница да ги предложи овие барања од страна на Републичкиот совет и бара од оваа седница да се симнат од дневниот ред.

**МУГБИЛ БЕЈЗАТ:**

Почитуван претседателе ние веќе имаме 5 годишно искуство во поглед на предлозите на Републичкиот судски совет. Комисијата за избори и именувања ниту пак Собранието на РМ не може да утврдува нова фактичка положба по предлозите. Незнам зошто со Уставот е предвиден овој Републички судски совет. Судскиот совет во одредена постапка и процедура утврдува фактичка положба и на основа на таа фактичка положба му предлага на Собранието предлози. И нема потреба едно работно тело, веќе имаме искуство и со досегашните собранија да утврдува нова фактичка положба и на одреден начин заменува еден уставно утврден орган кој е надлежен да утврдува фактичка положба по било која причина, дали е, поготово фактичка положба за исполнување на услови за одење во пензија на судија. Тоа е таква едноставна процедура и тоа по законот е должен да го утврдува само Републичкиот судски совет, дури без да консултира ниеден друг орган, ниту Министерството за правда, ниту пак Врховниот суд. Констатираме едноставни состојби доколку се исполнети условите за пензија и ние тој предлог го доставуваме до Собранието. И нема потреба од утврдување на некоја дополнителна фактичка положба од страна на работните тела на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Републичкиот судски

совет за дополнителните објаснувања.

Дали некој друг бара збор во врска со овој предлог?

Јас според Деловникот сум должен Предлогот на Комисијата за избори и именувања да го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Комисијата за избори и именувања?

Ке ве молам кој е за предлогот на Комисијата за наредната седница да се одложат овие разрешувања за да евентуално се добијат некои дополнителни информации. Јас барем така разбрав од страна на Комисијата за избори и именувања дека има потреба од некои дополнителни консултации.

Кој е за Предлогот на Комисијата да крене рака? (82)

Дали некој има против? (3)

Дали некој се воздржува од гласаше? (2)

Според тоа, констатирам дека Предлогот на Комисијата за избори и именувања е усвоен.

Дали има некој друг предлог за дополнување и изменување на дневниот ред.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас за денешната седница немам точка за дневен ред, меѓутоа би го замолил Собранието да донесе еден заклучок и да ја задолжи Владата да изготви една комплетна и комплексна информација за некои случувања во градот Охрид од пред 10-тина дена и би го образложил овој мој предлог. Имено, пред 10-тина дена во Хотелот "Палас" се одржа некоја фантомска т.н. христијанска конференција од некој си американски конгресмен спонзорирана, или незнам во која улога се јавува тој и група на некои си протестанти христијани од Албанија. Градот навистина е вознемирен и под една информативна блокада, нема достапни информации што ваму се се случувало. Реагираше охридскиот владика таму со некое мало соопштение преку локалните медиуми, меѓутоа има една огромна збунетост и огромен притисок од гласачкото тело барем во мојата изборна единица за да го поставам ова прашање, бидејќи во последно време и во чаршиските кулуари се шпекулира навистина со една можеби е дезинформација недај боже да е информација, дека сето тоа е во знаење на некои врвни луѓе во Министерството за надворешни работи и дека дури и под нивни патронат е организирано тоа. За да не би доаѓало до едни вакви попречни мислења, мислам дека се работи за едно суптилно прашање од витален интерес за православните македонци на тоа подрачје таму, па би било згодно за првата наредна седница Владата да изготви една комплетна и комплексна информација. Впрочем, сите сме заинтересирани за тоа и би било добро како заклучок од денешната седница да го ставите тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски за предлогот.

Прво, да се изјасниме по оваа информација.

Го молам претставникот на Владата дали прифаќа за наредната седница да се подготви една информација во врска со овој настан .

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Конкретно, за мене, јас прв пат слушам за ова. И ако поаѓаме од вакви, се кој некаде ќе чуе дека нешто се прави, да бара информација од Владата,јас незнам каде ќе не доведе тоа.Јас би можелт оа само да го сметам како пратеничко прашање, а ресорниот министер да даде одговор на тоа пратеничко прашање. Владата не прифаќа да изготви информација во врска со ова прашање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој сака да се произнесе во врска со овој предлог?

Дали пратеникот, Илија Илоски, вие сте во прашање, дали сакате да го преиначите во пратеничко прашање со одговор, или во информација за да можеме да се произнесеме.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас навистина жалам што потрептседателот на Владата не е запознат со ова прашање. Меѓутоа, кажав на почетокот и сакам да повторам сега и да потенцирам дека навистина се работи за едно суптилно прашање на овие простори. И не случајно, ако сакате да отвориме и мала расправа, не случајно таа конференција е свикана во Охрид во седиштето на православието и не случајно во еден суптилен период на транзиција каде што на некој начин и се заговара за воведување на веронаука во основното образование како факултативна настава и мислам дека е битно прашање Владата да се впушти во

анализи на тие состојби што се случени во Охрид и да ни даде конкретна информација. Прашањето излегува од некои теснопартиски интереси барем на македонците во Парламентот и би ги молел за поддршка и другата страна, за да се изготви комплетна информација од страна на Владата. Затоа што потенцирам дека се шпекулира дека сето тоа е спонзорирано дури и од високи функционире во МНР.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, пратеникот останува на барањето да се подготви информација. За да можеме за наредната седница да утврдиме информација ние мораме денеска да се произнесеме. Владата смета не, ние треба да кажеме дали сме за подготовка на информација.

Кој е за предлогот на г-динот Илија Илоски да се подготви информација? (79 пратеници)

Дали има некој против? (21 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање ? (5 пратеници)

Според тоа, Собранието утврди за наредната седница Владата да подготви информација.

Дали некој друг бара збор?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска сакам да се постави на дневен ред некоја информација. Сите знаеме каква е ситуацијата надвор од нашата Република, во секој момент сите наши граѓани се возбудени и очекуваат во секој момент Македонија да биде нападната. Со тоа барам информација. Многу добро на македонската телевизија имаше изјавено, затоа што на граничниот премин Блаце и околу Македонија од страната на Србија, со Косово вперени се кон Македонија. Затоа би сакал, ние овде се шалиме, носиме разни закони, ама мечката овде позади нас на 20 км. игра многу убаво. А може и овде да се слуша дајрето после. За тоа барам информација од Владата да подготви, или сега ако може некој да даде усмен одговор од Владата, затоа што народот во РМ е спремен во бегство, ви кажувам отворено возбудени се, граѓаните се возбудени во РМ. Зошто? Се очекуваат многу бегалци. Барам од Владата да даде информација колку бегалци има во Македонија, колку ќе прими, што ќе прими, затоа што ситуацијата во РМ може да се влоши и може да стане многу горко. За тоа да се даде информација или усмено тука да се каже . Нашата јавнсст треба да знае што се случува. Доста со овие наши работи овде што правиме ние во Парламентот меѓу нас што се зајадуваме. Дајте да видиме, гори до нас, и кај нас може истото да се случи, може во секое време, со напаѓањето на Косово, на Србија може и Македонија да биде нападната и сите граѓани овде да настрадаме. Јас имам препорака од многу граѓани да станам на говорница и да го барам ова јавно, усмено да знаат граѓаните и Собранието да решава .

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарм на г-динот Амди Бајрам за барањето да се подготви информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по неговото барање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јавна функција, јавна личност, јавно искажан збор сноси одговорност. Состојбите кои се на Косово на границата горе, долу на сите ни се познати. Овде се поставија и други прашаша во врска со бегалците и други квалификации кои сепак негативно би влијаеле врз јавноста во РМ, дека ете, Македонија е пред опасност да биде нападната од некоја друга земја. Владата ќе изготви информација за наредна седница за состојбите на границата со СР Југославија и Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кој бара збор?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Му благодарам на потретседателот на Владата.

Дали јас лично како одговорност кој го поставив ова прашање, јас сум должен како секој пратеник во Собранието на РМ, го имам истото право како сите мнозинството што го имате во Собранието, јас го имам истото право иако сум еден пратеник, да поставам прашање што се случува. А ако е потребна одговорност, ако мислите дека треба јас да сносам некоја одговорнст затоа што го поставив ова прашање, јас сум тука пред вас, поставете го на дневен ред и може да се изгласа, земете ме на одговорност, но граѓаните на РМ можат вас да ве земат сите на одговорност затоа што барам за граѓаните во РМ информација за состојбите со нашите

соседи со кои граничиме и од кои сме оддалечени 20 км. и каде што постои опасност граница со граница, може да се случи се и сакам нашата македонска јавност да биде запозната. Сакам да знам кој став го имаме заземено ние во нашата држава овде, сакам да знам Владата, Парламентот што ќе заземеме, да знаат нашите граѓани, да бидат информирани нашите граѓани, а да не бидат уплашени и многу грагани ги спремаат пасошите. И уште едно сакам друго прашање, што се случува со Министерството за внатрешни работи со Управата за издавање на пасоши и лични карти, што моментално е стопирано, не се издаваат. Дали намерно не се издаваат пасоши и лични карти. Ова го. спојувам со моето поставување на прашање затоа што со првото и второто, спорно е спрема граѓаните нема лични карти, нема пасоши, а многу граѓани веќе ја напуштаат Македонија, се плашат затоа што ќе стане нешто во Македонија. На ова сакам да добијам одговор од Владата, дали Министерството за внатрешни работи кој треба да ги издаде тие документи кој треба да дава патни исправи, моментално не се издаваат. Дали не се издаваат, бидејќи јас сум политичар, јас сум овде сега пратеник, нормално некој за ова мора да даде објаснуваше што се работи. Или тука постои некоја друга работа заради некои други причини. Барам да ми се даде одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, ако можам да разграничам, овде веќе се работи за едно пратеничко прашање, а првото беше прашање за информација да се подготви. Ако можев да го разберам господинот Амди Бајрам.

Значи, имаме информација и пратеничко прашање. Дајте конкретно кажете што сакате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не е пратеничко прашање, морав да станам, нормално, барам инфомрација од Владата и за тоа и за тоа. Тоа се две споени работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-ѓата Ѓулистана Марковска побара збор во врска со ова прашање.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Мислам дека Претседателството на Собранието е должно да ни даде еден предлог во смисла на тоа согласно Деловникот дали пратеничките прашања ќе ги поставуваат пратеници на почетокот на седницата, на крајот на седницата или ќе воспостави еден протоколарен ред, во смисла на постоење единствена седница со определен датум, кога ќе се поставуваат пратенички прашања на дневен ред, бидејќи гледаме дека како пракса е присутно, неможеме да почнеме со работа, а барањето информации дополнително или на самата седница веројатно ја оптоваруваат работата на Владата.

Ќе потсетам само дека не се работи за Извршен совет кого Собранието треба да го задолжи, бидејќи постои Закон за Влада која работи самостојно и неможе постојано да изготвува информации од проста причина што Собранието треба да изготвува и да работи као највисок орган на власта кое треба да носи закони. Далеку од тоа дека нема да имаме можност да проследуваме одредени информациии, меѓутоа, сугурно ќе треба да бидат поретки отколку е досегашната пракса на нас пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сакам да ве информирам господа пратеници за следното: Претседателството заседе став да поминат 100-те дена, луѓето да се запознаат, тоа е вообичаено, со состојбите во областите и потоа ќе имаме посебна седница која ќе биде еднаш месечно посветена на пратенички прашања. Тогаш ќе можат пратеничките прашања да се поставуваат и целата Влада ќе треба да биде присутна.

Меѓутоа, едно е пратеничко прашање, а друго е барање да се подготви информација за состојби кои имаат пошироко значење. Според тоа, не можеме ниту деловнички да го експроприраме правото на пратеникот да побара да се стави на дневен ред одредена информација. Впрочем, имавме една таква ситуација во врска со откупот на тутунот и расправавме по едно такво барање, по една таква информација. Затоа ве молам кога ќе излезете на говорница бидете јасни дали сакате информација, ценејќи го поширокото значење, или сакате за одредена конкретна состојба, на конкретно прашаше да ви се одговори. Тоа е разликата помеѓу пратеничкото прашање и информацијата.

Господинот Амбид Бајрам побара репилика.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се извинувам, можеби дамата не ме свати или не ме слушна добро, а по моето второ излагање кажав дека не е пратеничко прашње, туку моменталната ситуација која може да се случи во рок од еден час, или една минута да ја прекинеме оваа седница и се што имаме денеска на денвен ред да не биде толку важно колку што е тоа што јас го барам како и граѓаните на РМ. Ситуацијата не е добра со соседите, гледате цела Европа, целиот свет е загрижен за Косово и Србија што ќе се случи, а нормално сите работи се случуваат од Македонија. Јас мислам дека треба да добијам информација за ова и граѓаните да бидат запознаени. Ова не е пратеничко прашаље.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој сака да се произнесе по ова прашање, за да ги заокружиме прашањата.

Според тоа, почитувани дами и господа пратеници, имаме конкретен предлог за наредната седница да се подготви информација за состојбите предизвикани со состојбите на Косово, односно со напливот на избеглици од Косово за нивно сместување и воопшто со сето она што се случува последните денови на границата на РМ спрема СР Југославија.

Тоа е, колку можев да го формулирам прашањето и содржината на информацијата на која треба Владата да ни одговори. Ако не се лажам г-дине Амди Бајрам тоа е, ако е така, тогаш ве молам го ставам ова прашање, но извинете, збор побара потпретседателот на Владата.

Има .збор г-динот Ибраими. Јас мислев дека неколку пати излегува, па реков дека е веќе ставот негов. Повелете.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата прифаќа да изготви ваква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според тоа, нема што да гласаме, тоа на наредната седница ќе го добиеме.

За збор се јави во врска со дневниот ред г-динот Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Предлагам Собранието на денешната седница да донесе заклучок со кој ќе ја задолжи Владата до крајот на оваа седница, а ако не е можно тогаш за првата наредна седница да подготви целосна информација за тоа колкава е бројот на граѓани на РМ кои се на возраст од 28 до 32 години и кои од различни причини до сега не биле на отслужување на воениот рок.

Имено, поконкретно, се работи за една група на граѓани кои се родени од 1967 до 1971 година кои со своите семејства пред повеќе години заминале на привремена работа во странство, сега на оваа воздраст од 28 до 32 години на која се наоѓаат во земјите во кои се наоѓаат имаат остварено права од работен однос, потоа ги имаат остварено сите права за престој во тие држави, така што нивното доаѓање во РМ и отсуството од 9 месеци заради отслужување на воениот рок би значело губење на дел од овие права што од друга страна би значело враќање во Република Македонија, но поради подолго време тешките економски состојби во Републиката сигурно дека не би можеле да обезбедат вработување и би биле на товар на Фондот кој ги опфаќа социјално загрозените случаи. Инаку, еден поголем број од овие граѓани подолго време не доаѓаат во Републиката, најверојатно чекајќи да ја надминат таа старосна граница и притоа да бидат ослободени од отслужување на воениот рок и со нивното недоаѓање РМ губи еден значителен износ на девизни средства кои ако доаѓаат тука би ги носеле тука и би ги трошеле.

Ме интересира дали Владата воопшто размислува да покрене одредени активности за измена на законските и подзаконските акти кои ја регулираат оваа проблематика, а што би биле насочени само во таа група на граѓани од тие неколку генерации на кои евентуално би им се овозможило плаќање одреден надомест и средствата би биле наменети во фондот на армијата на РМ.

Од тие причини предлагам Собранието со тој заклучок да ја задолжи Владата да подготви една таква информација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љатиф Пајкоски.

Молам, претставникот на Владата дали се согласува со такво нешто? (Потпретседателот од место вели дека треба да се изјасни Собранието)

Дали Владата прифаќа да

подготви информација, а ние ќе донесеме заклучок после тоа.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Сепак прашањето беше така поставено предложи Собранието да донесе заклучок дали Владата да изготви информација. Значи, Собранието треба да се изјасни, не беше директно поставено на Влада. Владата прифаќа да изготви ваква информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И ова прашање го решивме, Владата ќе подготви таква информација. Уште едно прашање од г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, само да ве исправам, јас не поставувам пратеничко прашање, воедно почитувани колеги во име на пратеничката група на ПДП бараме информација од Владата на РМ за една масовна организирана тепачка во предворејето на Гимназијата "Зеф Љуш Марку" минатиот петок навечер, од над 100-тина младинци од македонска национална припадност.

Зошто му даваме значење на овој проблем, односно на оваа тепачка? Затоа што мислиме дека таа тепачка е организирана и сите сознанија упатуваат на тоа вознемирени родители, вознемирена јавност, уште повеќе затоа што, како што знаете, а веројатно знаете во "Зеф Љуш Марку"националната структура на учениците е Македонци, Албанци и други кои учат заедно. Има индикации, а и мотивот понекогаш упатува оваа масовна тепачка да добие политичка димензија, затоа што некои сознанија ни укажуваат дека после денот кога една јапонска делегација била во Гимназијата "Зеф Љуш Марку" после тоа или истиот ден имаме таква организирана тепачка. Ако се сеќавате, веројатно некои знаат, а некои не, претходната Влада донесе одлука во сума од 3 милиони долари како јапонска помош за да се изгради објект за Гимназијата "Зеф Љуш Марку". Иако сознанијат упатуваат на тоа дека некои сакаа на овој начин да го манифестира односно да се противи на такво нешто, тогаш сметаме како пратеничка група дека проблемот е и те како сериозен. Па затоа бараме од Владата т.е. Минситерството за внатрешни работи и морам да кажам кога сум веќе на говорница дека МВР интервенирало и го спречило конфликтот да не добие размери уште понесакани, затоа што дел од учениците се хоспитализирани така што на дневен ред, ако е можно, а мислам дека е можно затоа што Владата е во тек односно Министерството, таа информација да биде на дневен ред како дополнителна точка на денешнава седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани.

Дали некој друг бара збор во врска со ова прашање?

Има збор пратеникот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го поддржувам барањето на претходниот пратеник, бидејќи тој настан на некој начин е поврзан со изборната единица од која сум избран и веднаш после таквиот настан имаше силна реакција во Месниот комитет и во Партијата од која доаѓам ВМРО-ДПМНЕ и ние исто така бараме да биде доставена таа информација, сигурно ќе има некои законски проблеми во смисла на објавување во весниците затоа што некои се малолетни, па поради таа причина, но како информација би барал да се достави затоа што постои опасност и тенденција со вакви ситни провокации да се испровоцира меѓуетничка дестабилизација и напнатост која најмалку ни треба во овој момент. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Данило Глигоровски.

Г-динот Абдурахман Алити побара збор.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Во врска со ова прашање и процедурално. Навистина ми е жал што морам да интервенирам, но имаше конкретен предлог од страна на пратеникот до Владата. По тој предлог не се отвора расправа. Владата одговара ќе даде информација или нема да даде информација. Не говерам заради овој случај, го велам да не продолжиме во овој стил, затоа што навистина сме на лош пат во врска со респектирањето на процедурата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш ќе го молам претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Владата, поточно МВР и Министерството за образование се во тек со целиот немил случај и на наредната седница, не на оваа, Владата ќе ја изготви потребната информација со сите детали како дошло до настанот, кои се учесниците, кои биле поводите, мотивите и т.н.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И овој предлог за информација е прифатен.

Г-динот Ристо Спанаков побара збор.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Пред 10-тина дена поднесов писмено барање до Владата за оваа седница да изготви информација во врска со штетите од невремето во Гевгелија и гевгелиско од минатата година од 17 август.

Бидејќи како точка на дневен ред не гледам дека е ставена веројатно таа информација не е подготвена и сега накратко би образложил од прилика одредени работи кои би ги побарал од Владата како информација да бидат изготвени на првата наредна седница.

Имено, Гевгелија и гевгелиско, како што ви е познато, минатата година беше зафатено со силно невреме со предизвикани материјални штети кои беа направени од проценители, беше изготвен елаборат кој беше доставен пред пратениците пред Нова година и затоа сега барам Владата да изготви информација и на првата наредна седница да излезе со таа информација, да ни ја достави и со предлог мерки за санирање на последиците од невремето. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Барањето на г-динот пратеник Ристо Спанаков јас го доставив до пратениците, бидејќи беше во писмена форма, мислам дека е доставено и до Владата, јас го молам претставникот на Владата да се произнесе по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

По се изгледа нешто затаило во доставувањето на барањето од Собранието до Владата. На наредната седница ќе ја имате и оваа информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Нано Ружин побара збор.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа министри и пратеници. Јас очекував дека претседателот на Комисијата за надворешна политика ќе го постави ова прашање, бидејќи ние разговаравме околу прашањето, имено се работи за структурата, бројот, правните основи и мандатот на трупите на НАТО кои доаѓаат со оглед дека јавноста нема никакви информации за ова прашање, сметам дека би било добро Владата да изготви една подетална информација за ова прашање, дотолку повеќе што, како што рекоа и некои други пратеници, сепак живееме на едно мошне бурно подрачје, мислам дека на тој начин ќе бидат задоволени нашите куриозитети околу споменатото прашакње. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Нано Ружин и го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа барањето, со едно дополнување дека оваа Информација да биде заедно со информацијата по барање на г-динот Амди Бајрам. Значи за состојбите на Косово, на границата, за бегалците и НАТО силите во Македонија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, јас немам предлог за нова точка на дневен ред, но сакам да појаснам. Во дописот од 24 февруари се додадени други точки на дневен ред од која едната е Предлог на резолуција на Собранието на Република Македонија. Дали тоа се однесува на Косово.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, тоа беше она прашање што Пратеничката група на ПДП го постави.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ако тоа се однесува на Резолуцијата предложена пред еден месец за разгледување и евентуално усвојување, јас не гледам дека во оваа форма. Таа резолуција не ќе може да оди, тоа е едниот аспект, а другиот аспект е што ниту Владата, за жал или некое друго тело нема заседавано и мое лично мислење е дека Комисијата за

надворешна политика така и Комисијата за политички систем треба да се произнесе. Не гледам деловничка пречка за уточнување на дневниот ред, но гледам ред недостатоци, ова сега да не биде на дневен ред. Моите препораки веќе ги кажав и претставниците на ПДП можеле многу поразумно и со повеќе дострели оваа резолуција да ја донесеме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега веќе нема што да се произнесува Владата, ние ќе треба сами да се произнесеме. Се работи за тоа дали точката овде што ја има по дневен ред 7 - Предлог на резолуција на Собранието на Република Македонија, тоа се однесува во врска со предлогот на Пратеничката група на ПДП да ја ставиме на дневен ред дали да расправаме по таа точка, бидејќи ниту Владата, ниту комсииите не се произнеле. На комисиите беше доставен, а комисиите бараа предлог од Владата, Владата не се произнесе и до денеска немаме став на комисиите Според тоа, ќе ве молам имаме конкретен предлог од претседателот на Комисијата за надворешна политика, оваа точка да ја одложиме од денешната седница и да расправаме за наредната седница, кога ќе биде сериозно подготвена.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Мислам дека не треба воопшто да се изјасни Собранието по однос на предлогот на претседателот на Собранието за сврстување на точка на дневен ред Предлог на резолуција на Собранието на Република Македонија, од причини што доколку вака почнеме точките од дневниот ред една по една да ги симнуваме, тогаш се ускратува деловничкото право на пратеник по редовна постапка да предлага точки на дневен ред. Тогаш ќе прашањето, дали воопшто опозицијата ќе може да ста дневен ред. Тоа е едно.

Второ, прашање пратеник има право и ние тоа го направивме Пратеничката група на ПДП. беше одложено и по наше да се стави точката на дне образложение дека нема Владата. И откако на последн добивме education став од страна на Владата дека таа не чувствува за потреба, заради икс причини да даде свое мислење, претседателот на Собранието и покрај тоа што Собранието се изјасни по однос на нашиот став на таа седница да се разгледа Резолуцијата, отпосле со предлог на претседателот на Собранието се завзема став од страна на Собранието на оваа седница да биде ставена на дневен ред Предлог-резолуцијата. И таа според логиката на процедурата утврдена во Деловникот на Собранието на Република Македонија денес е пред нас. Затоа не гледам никаква причина, зошто сега повторно уште еднаш да се инсистира на мислење на Владата и на нашето друго кое е процедурално кога сите овие прашања се апсорбирани. Јас го молам претседателот на Собранието ова прашање да не го стави на изјаснување, туку напротив да ги прочита деловнички точките кои се предложени на дневен ред, заедно со дополненијата кои се дадоа во меѓувреме и како таков дневниот ред да се утврди. Пратенциите по однос на текстот на резолуцијата ќе се изјаснуваат кога ќе расправаме по точката на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагачот значи бара да остане на дневниот ред како што е предложена точката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го ценам ставот на мојот претходен колега нешто да се стави на дневен ред. Меѓутоа ова е предлог за утврдување на дневен ред. Точката е ставена, и Собранието е тоа кое ќе одлучи дали таа точка ќе оди на дневен ред или не. Предлогот за ставање на дневен ред не е императив да се усвои. Према тоа, да не одиме во заблуда дека предлог ќе дадам за усвојување на точката. Ова е процедурален дел другото му го оставам на колегата сам да оцени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние пред малку се одлучивме некои точки од денешниов предлог на дневен ред да ги симнеме, така што не постои овде никаква пречка да се произнесеме и по ова прашање, ако сметаме дека треба да се расправа така како што го предложи пратеникот, бидејќи тој е претседател на Комисијата, да се разбереме. Според тоа процедурално јас мислам по ова прашање треба претходно да се произнесеме, како и према другите прашања што ги симнавме денеска од дневен ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Со сето уважување на објаснувањата што ги даде претседателот на Собранието, меѓутоа, досега ние расправавме за точки кои ат хок во текот на утврдувањето на дневниот ред беа дадени како предлози. Оваа точка беше предложена уште пред месец дена во редовна постапка и како таква Собранието не треба да се изјасни. Собранието се изјаснува кога точки во дневниот ред на Собранието се предлагаат во текот на седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам точките беа ставени и пред тоа. Не се сега ат хок ставени точки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Зибери правото се применува, а не се вознемирува. Овдека ако е така како вие тврдите, зошто ќе го поставиме целиот дневен ред или дел од него на гласање за усвојување. Се работи за една процедура која не треба да се толкува Собранието е тоа кое го усвојува дневниот ред. А предлогот може да го стават сите, па и претседателството, па и ние како пратеници. Зошто правиме непотребна работа. Да се изјасниме да или не. Ако господата од опозицијата мислеа дека најдоа форма дека Собранието ќе трае 100 години со усвојување на дневен ред, пратеничките прашања од овој момент ќе бидат поставени само на седница за која тие се закажуваат. Инаку секој момент да се бара пратеничко прашање, известување, не се почитува основното правило, Владата има така да кажам кредит 100 дена да биде невознемирувана. Вие господа пратеници од опозицијата сакате само прашања и извештаи во тој период кога не сте џентламенти. Тоа го правите на некој недопуштен начин. Вашиот начин на борба во Собранието го почитувам. Само да знаете нешто почнува и ќе има крај кога ќе заврши.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници. Ако се сеќавате на минатата седница, во врска со ова прашање исто така ние заради изградување на нашиот сопствен став како пратеничка група во врска со точката на дневен ред, а се однесуваше за предлог-резолуцијата на пратеничката група на ПДП , баравме да се изјасни претходно Владата. Истото сега мислам дека е нужно од претставникот на Владата, или претставниците на Владата да ни кажат тука дали е изграден став да не се изгради став по ова прашање, или пак тоа до сега не е до сега стигнато да се направи за да можевме ние како пратеничка група да го изградиме нашиот сопствен однос према ова прашање во зависност дали ќе одлучиме вака или онака. Треба претставникот дефинитивно да каже дали Владата нема намера да изгради однос и став по ова прашање, или не е стигнато и кога ќе го направи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да одговори по ова прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Очигледно со проблемот на Косово е заглавен цел свет, а не Влада на РМ и ова Собрание. Владата не се изјаснила сеуште оваа Предлог резолуција, така да останува на пратениците да се изјаснат дали предлог резолуцијата на пратеничакта група на ПДП ќе биде на дневен ред или не. Фактички вие треба да одлучите за тоа.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, претставници на Владата, дами и господа пратеници. Мислам дека проблемот на Косово е сериозен, тој не е од вчера, едно прашање кое ја преокупира целокупната јавност меѓутоа, и РМ, граѓаните, нас како парламентарци, но се разбира и Владата. Во поделбата на власта, Владата има најмногу информации и треба да има информации бидејќи тоа се можеби ингеренциите за да преземе одредени мерки. Мислам дека за мене е недопустливо, Владата да нема свој став и по ова прашање. Имаше неколку посети на видни луѓе од НАТО, политички и воени личности, премиерот на Владата беше во посета на Брисел, ние не знаеме што е таму разговарано во кој степен Македонија е инволвирана, или ќе биде инволвирана во оваа криза која е на Косово и мислам дека е несериозна Владата досега да нема никаков став по ова прашање. Тоа нам многу ни отежнува. Јас сум еден од оние кои ја почитуваат поделбата на власта. Без разлика што е предлогот од пратеничка група, се работи за Резолуција за која нам ни треба дополнителна информација од Владата. Исклучиво Владата има такви информации и ние не знаеме Владата што разговарала со своите партнери од НАТО,

кои обврски ги презела  и што тоа ќе значи како обврска на Република Македонија. Мислам дека Владата треба да даде информација, треба да каже што е разговарано за да може ние да расправаме за оваа тема.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, мислам дека сите рокови се поминати  во однос на тоа дали процедурално требаше оваа резолуција да се стави на дневен ред и ќе беше добро најпосле ова Собрание да има став за ова мошне чувствително прашање, Владата има став, а нема Собранието што е доста контрадикторно. Ние сакаме или не сакаме да ја признаеме реалноста на Косово и безбедносната состојба на регионот е тоа и последиците ние како држава ги сносиме непосредно, било на економски план  било од бранот на можните бегалци, кој ќе бараат засолнување во РМ и трето, она што е многу почувствително. Ние сме сведоци на тешкото загрозување на мирот и безбедноста на овој регион. Веќе некој тука претходно кажа дека  оружјето е вперено против Македонија, против оваа држава, а немаме конкретен став од ова Собрание. Додека некој според мое мислење, шета со умот, јас мислам дека ставовите изнесени во насока на тоа дека не би требало да се користи територијата на РМ, за, условно кажано, напад на една соседна земја, јас мислам дека првенствено не се работи за никаков напад, туку се работи  за принципиелни меѓународни норми за воспоставување на мир и безбедност  на регионот и тоа е меѓународно-правна обврска која првенствено произлегува од Повелбата на ОН. Ние ниту сме прва држава ниту ќе бидеме последна што се ангажираме на тој план. 50 години сме ја имале состојбата со двете Кореи или некаде 60-те години со Катанга, или пак случајот со Кувајт, но редот е дојден и уште една балканска држава која драстично ги прекршува нормите и го загрозува драстично мирот и безбедноста да се соочи со овие меѓународно правни механизми. Затоа јас мислам дека треба да се расправа денеска и малку е чудно што оваа Влада нема мислење за ова прашање. Значи цел свет има мислење а ние како држава која сме во непосредно нејзина близина немаме мислење за ова чувствително прашање.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван претседателе, дами и гсопода пратеници, не е точно дека оваа Влада нема некакви ставови, како што беше изречено, особено од последниот дискутант, тој за жал поседе 4 години од прерадикалната политика на НДП, се префрли ваму во една модрирана политика. Ова прво само за јавноста.  Владата на РМ ги прави сите напори за мирно разрешување на проблемот на Косово. Во таа насока, целокупната јавност во Република Македонија, меѓународната заедница е запозната со Одлуката за стационирање на НАТО силите во РМ за извлекување на верификаторите. Уследи и друга одлука. По потреба  ако тоа го бара развојот на состојбите на Косово тој број на НАТО силите да се прошири, се е повторно во интерес на мирното разрешување на состојбите на Косово.

Јас се согласувам со господинот пратениик Китановски во врска со предлогот што го даде. Но дали тој предлог ќе биде прифатен зависи од нивниот поранешен коалиционен партнер. Значи да се почека да се изготви Информацијата за која Владата зеде обврска да ја изготви  и да го извести ова Собрание за сите состојби во Косово, околу Косово, на границите со Македонија, околу прашањето на бегалците, статусот на НАТО силите во Македонија, тек тогаш да имате вие можност да се произнесете дали Предлог резолуцијата  да биде на дневен ред на седница на Собранието.

**БЕДРЕДИН ИБРАХИМИ:** (Продолжение)

За наредната седница ќе изготвиме информација за состојбите на Косово, на граница со Македонија и сите други прашања кои беа поставени овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател.

Реплика од господинот Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Во неможност потпретседателот да образложи аргументирано зошто не може да се стави, односно со што Владата нема мислење во однос на предложената резолуција, тој се служи со ниски удари, и јас би го поставил прашањето колку партии сменил неговиот сегашен претседател. Јас ги знам четири или пет, а и тој, каде му е сега неговата партија, од една партија за која и самиот се изјасни,

се престрои во друга партија. Тоа е негово морално право и сметам дека е многу ниско да се дискутира. Темата е јасна, дали да се стави на дневен ред и за тоа треба да одлучи Собранието. Многу е очигледно дека Владата не може да заземе став за прашање за кое цел свет има став.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара и пратеникот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници, навистина се работи за едно чувствително прашање и се согласувам со потпретседателот на Владата дека цел свет е потресен со проблемот на Косово.."За мене е малку важно дали нашата Влада има став што се однесува до проблемот на Косово, бидејќи легитимните претставници на албанците на Косово имаат став и тоа дециден став. Имаат став и кога зборуваат, и став на другата страна кога треба да се војува.

Но, што се однесува до Резолуцијата, кај сериозните народи таквите резолуции долго време се подготвуваат, се оформуваат и јасна резолуција се донесува. Уште на почетокот, предложената резолуција за мене била прифатлива, но би било прифатливо и од било која страна, од било кој пратеник, од било кој обичен граѓанин од улица. Но, уште тогаш сум бил малку скептичен токму од господинот Зибери и господинот Билали да се предлага, бидејќи во текот на изминатите осум години никогаш не смееле од оваа говорница, а сигурно и во Владата да го употребуваат терминот Република Косово.

(Реакција на пратениците од ПДП од место со зборовите "Секогаш")

Сега веќе е јасно, јас предлагам ние да го поддржиме заклучокот на легитимните претставници на албанците во Косово на една страна и на друга страна на србите и како тие ќе се договорат, ние само народно кажано "да правиме амин овде".

Инаку, сливите на Насер Зибери и Мерсел Билали мислам дека нема кој да ги купува, а особено ние овде немаме намера да ги купуваме, бидејќи овде нема да правиме ракија.

Партијата на мојот секретар, на партијата, а потпретседател на Владата, е таму каде што беше Мерсел Билали. И тој беше член на таа партија. Ги излажал тогаш граѓаните и доби грб на таа партија, после се знае каде отиде, а сега се знае - пратеник на тој фамозен договор меѓу партиите. Но има време, "живи биле па виделе" после две - три или четири години.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Билал Љутфии.

Ве молам, ако може да ја привршиме и да не ја шириме распра-вата.

Има збор уште господинот Мевљан Таири и да поминеме на усвојување на дневниот ред.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, можам да го разберам потпретседателот на Владата дека се наоѓа веројатно во непријатна состојба да објаснува зошто Владата не може да заземе став. Сигурно можам да ја разберам Владата дека не може лесно да изгради став во однос на овие прашања. Но не можам да разберам да не можете да се изјасните во однос на предлозите наместо резолуцијата што ние ја предлагаме. Зошто?

Можеби првата точка е малку проблематична, затоа што таму бараме Обединетите нации да прогласат загрозуваше на човештвото на Косово, што евентуално можеме да разбереме дека имате некои дилеми. Но сепак, ние бараме од Обединетите нации, не од Владата и ние како Собрание бараме Обединетите нации да ја разгледаат оваа состојба и да предложат соодветни чекори.

Понатаму предлагаме злосторниците на Косово да се изведат пред Меѓународниот суд за човекови права, што не гледам дека е нешто што не би можеле ние како Собрание да го направиме.

Трето, предлагаме да се разместат Нато силите на Косово како предуслов за да отпочне дијалогот, што мислам дека е нешто што е став на релевантните меѓународни фактори и предлагаме да се организира конференција за Косово, што веќе и се случува.

Не гледам што е толку проблематичко за Владата да го направи тоа, а уште помалку гледам дека има некоја пречка за Собранието да се изјасни во однос на тоа прашање.

Што се однесува до положбата на нашата партија во изминатите години, ние навистина сме биле во Владатас, но

во однос на овие прашања јасно сме го кажале секогаш тоа дека сме биле во различни позиции. Ние само тоа го бараме, како впрочем и Пратеничката група на ДПА, која се изјасни про нашиот предлог, про Резолуцијата, како што се изјасни исто и претставникот на Владата да не го земе тој товар врз себе и да изнесува ставови кои верувам дека се и во спротивност со личните убедувања.

Што се однесува со позициите на нашите луѓе во Владата, министрите во минатата Влада, мислам дека тие успеаја да го зачуваат достоинството и позицијата што ја налагаше Партијата за демократски просперитет и заедно со сите други Албанци во РМ се најдоа во колоната, заедно со вас, г-дине потпретседателе, и со другите лидери на Албанците во РМ, во колоните кои протестираа тие денови кога баравме Меѓународната заедница да преземе соодветни чекори за Република Косово. Ние и понатаму мислиме дека нашите позиции се исти како што беа и ние ќе останеме на тоа место и тие позиции кои ги имавме и кога бевме во позиција и сега кога сме опозиција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-дин Мевљан Таири.

Дали може да ја привршиме расправата и да се изјасниме.

Ако никој друг не бара збор, ние имавме предлог од г-динот претседател на Комисијата за надворешна политика, пратеникот Јордан Бошков оваа точка да ја одложиме за наредната седница. Дотогаш со предлог или без предлог на Владата, комисиите да заземат став. Јас така го разбрав г-динот Јордан Бошков.

Ќе ве молам, кој е за тоа точката да ја одложиме за наредната седница. (Реакција меѓу пратениците)

Една од наредните седници, да.

60 пратеници гласаа да се одложи за една од наредните седници.

Кој е за да се стави на денешниот дневен ред, всушност кој е против предлогот на Јордан Бошков?

(15 пратеници гласаа против.)

Дали има воздржани пратеници?

(21 пратеник се воздржа од гласање).

Според тоа, констатирам дека оваа точка ја одлагаме за една од наредните седници.

Да преминеме сега на утврдување на дневниот ред.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

(Пратеник бара збор)

Имате нов предлог?

После гласање по оваа точка не ќе можете да зборувате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи се сомневам во исходот од гласањето, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ние веќе го изгласавме ова.

Добро, има 10 пратеници,кои го поддржуваат тој предлог.

Молам секретарот да изврши проверка кој е за, кој е против.

Молам пратениците да не излегуваат за да извршиме проверка.

Прашањето е: Предлогот за донесување на резолуција на Собранието на РМ во врска со Косово, дали да се одложи за една од наредните седници. Прашањето беше да се одложи за една од наредните седници, не да се симне од дневен ред. Тоа е предлогот, да се изјасниме.

(Секретарот на Собранието Каролина Огњановиќ-Чукалиева излегува на говорницата и врши прозивка на пратениците).

**с п и с о к**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија,**

**според азбучен ред на презимиња**

| | |
|---|---|
| ЈОНУЗ АБДУЛАИ | против |
| АБДУРАХМАН АЛИТИ | против |
| АБДУЛА АЛИУ | против |
| МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ | воздржан |
| СТОЈАН АНДОВ | воздржан |
| КИРИЛ АНДОНОВСКИ | за |
| ЉУПЧО АНУШЕВ | отсутен |
| АМДИ БАЈРАМ | против |
| ФАДИЛ БАЈРАМИ | против |
| ДИМИТАР БАТКОСКИ | за |
| МЕРСЕЛ БИЉАЛИ | против |
| ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА | за |
| ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ | отсутен |
| АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ | против |

| | |
|---|---|
| СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ | за |
| ВАСИЛ ГАЏОВСКИ | за |
| МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| ТРАЈКО ГЕШОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ | отсутен |
| ПЕТАР ГОШЕВ | отсутен |
| СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| ЗАМИР ДИКА | против |
| ВАНЧО ЃОРГИЕВ | отсутен |
| ИЛИЈА ЃОРЃИЕВ | воздржан |
| ФАТМИР ЕТЕМИ | отсутен |
| ВАСИЛЕФТИМОВ | за |
| НАСЕРЗИБЕРИ | против |
| ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО | за |
| МИРКО ИВАНОВ | отсутен |
| ИЛИЈА ИЛОСКИ | за |
| НИКОЛА ЈОВАНОВ | за |
| ВЕСНА ЈОВАНОВСКА | за |
| МАРИКА ЈОРДАНОВА | за |
| НАЗМИ КАДРИУ | против |
| РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ | за |
| ЖАРКО КАРАЏОСКИ | за |
| МИТКО КИРОВ | за |
| ЛАЗАР КИТАНОСКИ | воздржан |
| САВО КЛИМОВСКИ | за |
| СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | вожджан |
| ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | за |
| ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ | за |
| ИЛИЈА ЛАЗАРОВ | за |
| ГОРАНЧО ЛАЗОВ | за |
| АЛИРИЗА ЛОГА | против |
| БИЛАЛ ЉУТФИИ | против |
| ВАСЕ МАНЧЕВ | за |
| НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА | за |
| ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| ДИСПИНА МАРКОВСКА | за |
| ЗВОНКО МИРЧЕСКИ | за |
| ДРАГАН МИТЕВСКИ | воздржан |
| ИЛИНКА МИТРЕВА | отсутна |
| ИРИЛ НАСТЕСКИ | воздржан |
| РУБЕНС НАУМОВСКИ | за |
| ГОРАН НЕВЕНОВСКИ | за |
| ЛАТИФ ПАЈКОСКИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ | за |
| ВАНЧО ПАНЧЕВ | за |
| ЉУБЕН ПАУНОСКИ | за |
| ИЛИЈА ПЕМОВ | за |
| ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| ЧЕДО ПЕТРОВ | за |
| ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ | отсутен |
| ФИЛИП ПЕТРОВСКИ | отсутен |
| АЗИС ПОЛОЖАНИ | против |
| СТОЈАН ПОПОВ | за |
| ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| НИКОЛА ПОПОВСКИ | воздржан |
| ИЛИЈА ПРАНГОСКИ | за |
| ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ | отсутен |
| НЕНАД РИСТОВСКИ | за |
| НАНО РУЖИН | воздржан |
| ИЛЈАС САБРИУ | против |
| АЦЕ САЈКОСКИ | за |
| АСЛАН СЕЛМАНИ | против |
| БОРЧЕ СИБИНОВСКИ | за |
| ВАНГЕЛ СИМЕВ | за |
| РИСТО СПАНАКОВ | за |
| КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ | за |
| ЃОРЃИ СПАСОВ | воздржан |
| МИЛАН СТАВРЕВ | отустен |
| НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ | за |
| БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ | за |
| ВЛАДО СУГАРЕВСКИ | за |
| ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | против |
| РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | отсутен |
| МУХАМЕД ТАИРИ | за |
| АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ | за |
| МЕВЉАН ТАХИРИ | против |
| МИТКО ТИЛЕВСКИ | за |
| ЃОРЃИ ТОДОРОВ | за |
| РИСТО ТОДОРОВ | воздржан |
| ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ | за |
| ПАНДЕ ТОМОВ | за |
| КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| ГОРАНЧО ТРАЈКОВ | за |
| ТАНАС ТРАЈКОВСКИ | воздржан |
| АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ | за |
| БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ | воздржан |
| СЛОБОДАН ЌОСЕВ | за |
| ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ | воздржан |
| АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| ИЛЈАЗ ХАЛИМИ | против |
| БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | отсутен |
| СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | против |
| КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА | против |

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ воздржан
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ за
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ отсутен
АРБЕН ЏАФЕРИ отсутен
ХИСНИ ШАЌИРИ против
АЛИЈА ШАХИЌ за
РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА воздржана

(Се пребројуваат гласовите од поединечното гласање на пратениците)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Врз основа на денешното гласање се утврдени следните резултати:

62 пратеника се произнесоа за предлогот да се симне за една од наредните седници Резолуцијата.

(23 пратеника беа против.)

(20 пратеника беа воздржани.)

Гласале вкупно 105 пратеника.

Според тоа, и поединечно утврдуваме дека овој предлог го одлагаме за една од наредните седници.

Почитувани пратеници,

Сега да го утврдиме дневниот ред конечно.

1. Предлог на закон за изменување на Законот за издавање и тргување со хартии од вредност;

2. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно-трговско работење, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет, со Предлог на закон;

5. Предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за огласување и именување на Јавен обвинител на Република Македонија;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на имот, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Холандија, со Предлогна закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Украина, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на Министрите на Украина за соработка во областа на образованието, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на Министрите на Украина за соработка во областа на културата, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на Министри на Украина, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Македонската Влада и Белгиската Влада, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за патен сообраќај меѓу Македонската Влада и Владата на Кралството Белгија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Француската Република за преземање лица со нерегуларен статус, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесуваше на закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот кој се однесува на измена и дополнување на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство донесена во Чикаго во

1944 година, потпишан во Монтреал на 1 октомври 1998 година и Протоколот за автентичен шестјазичен текст на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, со Предлог на закон;

18. Барање за давање на автентично толкуваше на член 101 од Законот за водите ("Службен весник на Република Македонија" број 4/98), поднесено од Електростопанство на Македонија Подружница РЕК Битола - Новаци;

19. Предлог за избор на судија на Апелациониот суд -Скопје;

.20. Предлог за избор на судија на Основниот суд во Свети Николе;

21. Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје;

22. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гостивар;

23. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

24. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје;

25. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје.

Почитувани пратеници, тоа е предложениот дневен ред.

Ве молам, да се изјасниме.

Кој е за предложениот дневен ред? (89 пратеници се изјаснија за.)

Дали има некој против? (7 пратеници гласаа против.)

Дали имаме воздржани? (Нема).

Според тоа, констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за изменување на Законот за издавање и тргување со хартија од вредност.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претерес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман на член 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе во врска со амандманите поднесени од пратеникот Кирил Андоновски, на овој Предлог на закон.

**ВЛАДО КАМБОВСКИ:**

Се прифаќаат амандманите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и истиот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81 пратеник гласаа за.)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за издавање и тргување со хартија од вредност.

Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно-трговско работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за надворешно-трговско работење.

Кој е за, молам да крене рака? (77 пратеници гласаа за.)

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој е воздржан? (Не е).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој е воздржан? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување на член 2, член 6 и член 7, член 9 за додавање нов член 11, по член 10 и на член 11. А, Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 10, по кој Владата не се произнела.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Предложените амандмани на Законодавно-правната комисија и Комисијата за стопанство, Владата ги прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, се прифаќаат.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Тој е составен дел, па според тоа да не отвораме посебни претреси, бидејќи се составни делови на Законот.

Бидејќи се составни делови на Законот, Владата да се изјасни по амандманите уште еднша.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници гласаа за.)

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе За-конот за изменување на Законот за надворешно-трговско работење.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесуваше на закон за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се поделени, односно доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Како што е кажано во причините за донесување на законот во суштина се врши само терминолошко усогласување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, со Законот за органите на управа, односно со новото Министерство за животна средина.

Очекував дека со едни вакви измени врз база на претходни согледувања повеќе од двегодишното спроведување на Законот, како и врз база на моменталната и очекуваната состојба во животната средина, ќе се земат предвид и други измени, односно донесување на други закони, кои ги најавува Основниот закон или барем потребните подзаконски акти, со што Република Македонија би се вклучила во високите еколошки стандарди на Европската Унија. Ова го зборувам поради тоа што во секој момент ни претстои опасност од еколошка катастрофа. На пример, деновиве на широко се зборува за изградба на IV блок на РЕК Битола и тоа со јаглен од Грција, па ние ќе им враќаме со струја. На реакциите од еколошките друштва и од граѓаните како да не се обрнува големо внимание. Или, барем, во случајот со РЕК Битола да се завртат страниците на Националниот еколошки акционен план донесен во 1997 година, во анализите за квалитетот на воздухот каде што ќе се прочита после 10

годишно работење на трите блока од РЕК Битола дека постојано има зголемени концентрации на сулфур диоксид, концетрацијата на чад повеќе пати ја надминува дозволената граница.

Како резултат на тоа видливи се здравствени последици кај населението. Постоење на нагласена психоза, вознемиреност, земјоделските површини се опустошуваат, намален е приносот на земјоделските производи, бројот на добитокот бележи сериозен пад, исчезнува животинскиот и растителниот свет, проблеми има во водоснабдувањето. Ваква е досегашната ситуација. А, што би се случило ако на ова се додадат опасностите од еколошки аспект со изградба на 1У-от блок на РЕК Битола. Во нормални услови опасностите би се зголемиле за 30%, а во реални услови тие би биле далеку поголеми, затоа што како што велат познавачите, грчкиот јаглен содржи 2,6 пати поголемо количество на сулфур, односно содржи 1,3% сулфур, а според светските стандарди забрането е согорување на јаглен што содржи повеќе од 1% сулфур. Покрај тоа, грчкиот јаглен содржи 41% пепел, што е далеку повеќе од битолскиот, што драстично ќе ги зголеми отпадните материјали. Во опасност се наоѓа целата пелагониска котлина, околу 250 илјади жители, преку 100 илјади хектари обработливо земјиште, голем сточен фонд, богат животински и растителен свет.

Како да се застане на патот на оваа идна еколошка катастрофа? Дали цената на десетина илјади добиени милиони долари е доволна да се исплатат неизвежните ризици. Овие прашања можат да се надминат и да се решаваат првенствено по законски пат. Во нашата држава треба да се донесе квалитетен и со високи стандарди законски акт, со кој што ќе биде искажан начинот на изготвување на техничката документација, за влијанијата на објектите и работите врз квалитетот на животната средина, односно проценка на влијанието врз животната средина.

Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата како основен еколошки закон, тоа го најавува. А, во земјите каде што еколошката свест е развиена се носат и посебни закони за оценки на влијанијата врз животната средина.

На таков начин ќе ја исклучиме можноста поединци да решаваат за објекти кои ја загрозуваат животната средина, поединци да ни докажуваат дека нема опасност на животната средина. Тоа треба да биде работа на експерти со висока еколошка свест.

И, уште еднаш да се навратам на РЕК Битола. Нема ништо ново да кажам ако спомнам дека, ако грците се заинтересирани за струја, зошто не им ги нудиме алтернативните енергетски потенцијали, како што се хидроелектраните "Галиште", "Чебрен", "Скочивир" во близина на Грција, со скоро иста вредност, *со* долг век на трајност, а загаденоста на животната средина е сведена на нула. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот господин Кирил Настевски.

За збор се јави Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа министри, почитувани колеги, пратеници, во врска со предлогот за оваа точка на дневниот ред, јас мислам дека сосема разбирлива е реакцијата од колегата пратеникот од СДС и нивната загриженост за еколошките аспекти по македонското стопанство, поготово што многу ефикасно се покажа во изминатиов период нивната грижа за екологијата во Република Македонија, што резултираше со затворање на сите стопански капацитети, поготово металуршкиот комплекс.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (Продолжение)

Претпоставувам дека и понатаму сите потези што ќе ги прави новата Влада, во смисла на ревитализирање на стопанството во Републикава, од нивна страна ќе бидат третирани како уште еден удар на екологијата во Република Македонија. Но, имајќи ја предвид екологијата, да не заборавиме дека и Република Грција претставува една земја која што е членка на Европската унија и која што во сферата на екологијата е далеку понапред отидена од нас. Само да ја преминеме границата кај Битола, кај Лерин и да видиме дека во тој комплекс, во тој реон има огромни комплекси на термоелектрани. Најверојатно станува збор за истиот јаглен.

Заради тоа, предлагам, ако е нешто корисно и од економски аспект во оваа тешка ситуација, се нуди во Република Македонија да се направи и

тоа треба да заслужи со соодветна поддршка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мирчески.

Дали уште некој бара да се произнесе во општата расправа по овој предлог?

Има збор господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, ценети новинари, и овој пат опозицијата покажа како не треба да се работи во овој Парламент. Овде имаме типичен пример на измена на закон. Секој може да го прочита, многу е просто и едноставно. Не станува збор за нов закон за заштита на животната средина итн.

Пратеникот, на овој начин сакаше да докаже дека, новата Влада, а вклучувајќи го тука и новиот Парламент кој врши измени на овој закон, се вклучува во една акција што носи огромна штета на Република Македонија, посебно на битолскиот крај. А јас, бидејќи сум пратеник од Битолскиот крај, многу добро ја знам таа состојба, знам дека од 1990 година а и пред тоа РЕК Битола работеше, поранешната Влада господине пратениче не мрдна со прстот за заштита на околината на Битолскиот крај со трите блока. Не издвои ниту еден денар за заштита на таа средина во Битола. Не посади ниту едно дрво, а Вие ги знаете општите европски и светски стандарди каде има термоелектрични централи колку се издвојува за заштита на средината. Таму имаше планирано многу други проекти. Меѓутоа, сето тоа остана празно на хартија и до ден денеска ништо не е направено.

И, ако Вие сметате дека со Вашиот говор овде ќе го залажете населението во Битолска околина и воопшто во Република Македонија дека имате голема грижа на совест за заштита на средината, мислам дека многу се лажете. Знаете зошто се лажете, затоа што продавате ветер во магла на народот на Македонија.

Треба еднаш да престанете и во оваа држава реално да ги поставиме работите како што треба. Ако не е до законите, ако не е до заштита, навистина треба да се вклучиме во таквите проекти. Ние ништо нема што да измислуваме. Се е измислено во светот. Само треба да го пренесеме во оваа средина и тие средства да се издвојуваат и строго наменски да се користат за тие цели. Здружението "Молика" од Битола, собрани таму членови на СДС, Ве молам, па дури го поканиле и министерот за екологија и му држат предавање како треба да се садат дрва за заштита од РЕК. А, поминаа 20 и повеќе години и тие дрва ќе имаа 25 години, сега ќе беа до вишно небо и не знам каква заштита ќе правеа. Мислам дека е сега нелогично вие да држите предавање за заштита на човековата средина, од една партија која што точно во овие осум години не мрдна со прст и покрај труењето на рибите во реката Вардар, труењето на рибите во реката Црна, па да не Ви кажувам голем дел од Вашите сопартијци ловеа риби на недозволен начин, со динамит и со други средства во реката Црна. И Вие сега, големи душегрижници за заштита на еколошката средина во Република Македонија. Вие треба да се покриете од тој срам што го нанесувавте. Ви кажувам искрено, јас сум пратеник дојден по пропорционалната листа од 23-тото место. Ви кажувам, првата можност кога ние како Вас би работеле, и ние како Вас би постапувале јас ќе бидам првиот кој ќе стане и во лице ќе кажам што не чини во оваа Влада. Меѓутоа, дајте, причекајте да се приземјиме малку, оти Вие сте многу во облаци кренати. Дајте, прво да ги средиме овие општи работи, да се расподелат новите министерства, надлежностите да се земат, па после ќе разговараме за еколошката средина и да видиме дали тој еколошки денар што се издвојува во оваа држава се користи наменски или не, или пак ги искористивте за полнење на џебовите, сите кои од СДС бевте вклучениво РЕК итн. Се извинувам претседателе, се извинувам и на Вашето трпение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ке Ве молам малку да не внесуваме жестина, да се држиме само до точката на дневниот ред и да не одиме понатаму.

Има реплика господинот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Јас не велам дека ја познавам многу животната средина, туку сакам уште еднаш да нагласам моето излагање беше во смисла на тоа да се донесе пропис што е најавен во Законот за заштита и унапредување на животната средина со кој што на наједноставен

најдоследен начин, најекспертски начин ќе се докажува, ќе се врши оценка на влијанието на животната средина. И за тој проект, кога ќе се изврши проценка на влијанието врз животната средина ќе се каже дали треба да се гради или не треба да се гради.

Јас тоа го кажав, а кој колку ме разбра, тоа е нивно право.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Настески.

Дали уште некој бара збор во општата расправа по Предлогот за измена и дополнување на законот? (не бара)

Тогаш го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Прелдогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Кој е за, молам да крене рака? (71 пратеник е за.)

Дали е некој против? (никој)

Дали е некој воздржан? (никој)

Според тоа, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници се за.)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (никој)

Според тоа, констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандман за менување на член 1 со четири нови членови со кои се согласил повереникот на Владата.

Комисијата за екологија млади и спорт поднесе амандман со иста содржина со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2 и пратеникот Кирил Настески поднесе амандман на членовите 10 и 56 по кои Владата не се произнела. Инаку, со овие членови се врши терминолошко усогласување.

Бидејќи со поранешните предлози што ги спомнав од работните тела на Собранието Владата се има произнесено, ми се чини нема потреба да водиме расправа.

Молам претставникот на Владата да каже дали се согласува со амандманите на членовите 10 и 56 поднесени од страна на пратеникот Кирил Настески.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто така од ЗПК е поднесен амандман по кој што Владата, повереникот на Владата се има согласено, така што и тој станува дел на Законот.

Продолжуваме со текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувм претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници се за.)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата.

